Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија на седница одржана на 27 март 2020 година, донесе

УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За продолжување на рокот за донесување на буџетот и годишната сметка на буџетот на општината, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Рокот за донесување на буџетот и годишната сметка на буџетот на општината утврден во член 75 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа, се одложува за време на траење на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2588/1
27 март 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски